# 30 години по дождот

**Марин Гавриловски**

Пред 6 часа



*Марин Гавриловски*

*Поранешните, но и сегашното раководство на Агенцијата за филм, водени од некои ним познати интереси, проследени со праисконската македонска традиција на самоуништување, вродената желба да се „сопне“ оној што е најдобар, а во комбинација со општата неспособност и некомпетенција, одбраа чуден начин да му се оддолжат на Милчо Манчевски за сѐ она што тој го сторил за Македонија. Со игнорирање!*

Поминаа 30 години од снимањето на најпознатиот македонски игран филм на сите времиња „Пред дождот“, во режија на најдобриот македонски режисер на сите времиња, Милчо Манчевски. Долгометражниот првенец на Манчевски уште на своето премиерно прикажување се закити со „Златниот лав“, највисоката награда што се доделува на престижниот Венецијански филмски фестивал. Веќе следната, 1995 година „Пред дождот“ стана првиот македонски филм номиниран за наградата „Оскар“ за најдобар филм од неанглиско говорно подрачје, а „Њујорк тајмс“ го вброи во 1.000 најдобри филмски остварувања на сите времиња.
По повод јубилејот, во понеделникот во големата сала на Македонската филхармонија беше одржана златната премиера на реставрираната копија од филмот, во присуство на голем број учесници во неговото создавање, меѓу кои режисерот и сценарист Манчевски, дизајнерот


## ВИ ПРЕПОРАЧУВАМЕ

1  Факултетот остана без асистентот Христовски

2  Масовното прислушување не може да заживее дури и да се докаже дека Бецети го застарел случајот

3  Власта во рикверц за новиот состав на Советот за граѓански надзор по обвинувањата дека сака да го контролира прислушувањето

4  ВИДЕО | Вести во 15 часот на „Слободен печат“

5  Ахмети и Села на кафе со генерали од УЧК

ПРИКАЖИ ПОВЕЌЕ ВЕСТИ

ОД АВТОРИТЕ НА СЛОБОДЕН ПЕЧАТ





на продукција и оскаровец Дејвид Манс, директорот на фотографија Даниел Теран, актерот Раде Шербеџија и др. Волшебната приказна на Манчевски се одвива во минатото и во сегашноста, во Лондон и во Македонија, помеѓу традицијата и модерното, помеѓу љубовта и смртта. Импресивната актерска екипа (Раде Шербеџија, Лабина Митевска, Кетрин Картлиџ, Грегоар Колен, Мето Јовановски, Милица Стојанова, Џумерко, Џемаил Максут, Катерина Коцевска и др.) под режисерската палка на Манчевски успева по секое ново гледање на филмот да открие уште еден детаљ, уште еден фрагмент/сегмент што можеби не сме биле во можност да го видиме кога претходно сме го гледале филмот, или пак тој детаљ сме го виделе од друго светло. Прекрасните предели на Мариово, напуштените села и божествените пејзажи во комбинација со безвремената музика на „Анастасија“ и гласот на Вања Лазарова само го надополнуваат впечатокот дека „Пред дождот“ е најдобриот македонски филм на сите времиња.

Од тогаш до сега Милчо Манчевски сними уште 6 долгометражни играни и играно-документарни филмови: „Прашина“ во 2001, „Сенки“ во 2007, „Мајки“ во 2010, „Бикини Мун“ во 2017, „Врба“ во 2019 и „Кајмак“ во 2022 година, но никој од нив не ја достигна славата и успехот на „Пред дождот“. Дали Манчевски го следи „проклетството“ на Орсон Велс, кој својот најголем успех како режисер го имал со својот прв филм, едно од најдобрите филмски остварувања на сите времиња, „Граѓанинот Кејн“, кој подоцна не успеал да го надмине, сè уште е рано да се прогнозира, бидејќи пред Манчевски се сигурно уште многу филмски остварувања кои се́ уште тлеат во неговиот перфекционистички настроен и вонсериски талентиран творечки потенцијал. Неговиот нов проект под работен наслов „Биста“ сè уште не може да почне со реализација поради неспособноста на првите луѓе во Агенцијата за филм да ја согледаат величината и потенцијалот на Манчевски.

Поранешните, но и сегашното раководство на Агенцијата за филм, водени од некои ним познати интереси, проследени со праисконската македонска традиција на самоуништување, вродената желба да се „сопне“ оној што е најдобар, а во комбинација со општата неспособност и некомпетенција, одбраа чуден начин да му се оддолжат на Милчо Манчевски за сè она што тој го сторил за Македонија. Со игнорирање!

Имено, во годината на јубилејот тие одлучија да ги прекинат сите проекти што ги имаат со Манчевски, односно да го прекинат финансирањето на веќе завршениот филм „Кајмак“ иако за тоа имаат склучено договор во кој имаат преземено обврски, но и да го раскинат преддоговорот што го имаа склучено за реализација на новиот проект со работен наслов „Биста“, со што неговата реализација ја доведуваат во прашање. Користејќи го своето реноме и портфолио, Манчевски успеа за својот нов проект да обезбеди средства од продуценти и фондови надвор од Македонија, но нивното учество во филмот е условено со учество и на македонската држава во неговата реализација, која, за жал, со поништувањето на конкурсот за финансирање филмски проекти, како да стави клуч на реализацијата не само на новиот филм на Манчевски, туку и на сите други



филмски проекти од други продуценти и режисери од Македонија што учествувале и првично добиле зелено светло за реализација на своите проекти.
На тој начин државата, преку Агенцијата за филм праќа многу лоша порака кон филмските работници дека не се грижи за нивниот труд и талент, дека нивните проекти ништо не значат и дека тие се небитни за власта. Ако се знае дека македонската кинематографија е еден од најголемите промотори на Македонија надвор од нејзините граници (на пример, минатата недела, Лабина Митевска ја доби наградата за меѓународна копродукција на Еуроимаж за 2024 година), се поставува прашањето, дали со овие чудни и непромислени одлуки на раководството на Агенцијата за филм, всушност се работи против интересите на Македонија?
Како и да е, никој не може да го помати успехот на „Пред дождот“ што во изминативе 30 години успеа да се емитува во повеќе од 50 држави, да собере и други повеќе од 40 меѓународни награди вон споменатиот „Златен лав“ и да биде пример за тоа како се афирмира, се промовира и се сака својата држава.
Затоа, секој од нас треба на Милчо Манчевски да му каже едно: „Големо благодарам, Маестро“!

**Добиј ги најважните вести, бесплатно на Viber**

(Авторот е адвокат)

*ЈАЗИКОТ НА КОЈ СЕ НАПИШАНИ, КАКО И СТАВОВИТЕ ИЗНЕСЕНИ ВО КОЛУМНИТЕ, НЕ СЕ СЕКОГАШ ОДРАЗ НА УРЕДУВАЧКАТА ПОЛИТИКА НА „СЛОБОДЕН ПЕЧАТ“*

**Почитуван читателу,**

Нашиот пристап до веб содржините е бесплатен, затоа што веруваме во еднаквост при информирањето, без оглед дали некој може да плати или не. **Затоа, за да продолжиме со нашата работа, бараме поддршка од нашата заедница на читатели со финансиско поддржување на Слободен печат.** Станете член на Слободен печат за да ги помогнете капацитетите кои ќе ни овозможат долгорочна и квалитетна испорака на информации и **ЗАЕДНО да обезбедиме слободен и независен глас кој ќе биде СЕКОГАШ НА СТРАНАТА НА НАРОДОТ.**

**ПОДДРЖЕТЕ ГО СЛОБОДЕН ПЕЧАТ.
СО ПОЧЕТНА СУМА ОД 100 ДЕНАРИ**